МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК المقدونية

# Два вида на зекат

**1. Нафиле (доброволен):** Тоа е секој имот што човекот го дава со цел на ибадет

**Фарз (задолжителен):** Се дели на две категории:

## Зекат Фитр:

Задолжителен е за секој муслиман и муслиманка, млад и стар, слободен и роб

## Зекат на имот:

Тоа е издвојување на шеријатски определен имот на одредена категорија со цел ибадет на Аллах. Ова категорија на зекат го подразбира третиот рукн на исламот

и се дели на 4 вида:

**1 Зекат на златото среброто**



Зекат на златото, среброто и на она што ги заменува – како валути и парични средства. Нисабот на златото изнесува 20 мискали (85 г), додека нисабот на среброто изнесува 200 дирхеми (595 г).

**2 Пасечка стока**



Тоа е стока која пасе на дозволени пасишта во текот на поголемиот дел од годината или целата година. Под тоа се подразбираат камилите, говедата и овците (ситниот добиток).

**3 Она што излегува од земјата**



а тоа се житарките и плодовите.

**4 Трговска стока**



Тоа е сè што е наменето за продажба и купување.

## Категории кои го заслужуваат зекатот

**1 Сиромашни** – Тоа се оние во потреба кои немаат ништо, или имаат само дел од она што им е доволно.

**2 Оние во потреба** – Тоа се оние кои имаат повеќе од половина од она што им е потребно, или половина од доволното. Ако, на пример, годишната потреба ја процениме на 12.000 €, тогаш сиромашниот е оној кој има 6.000 € или помалку, или воопшто ништо, додека оној во потреба има 6.000 € или повеќе, но не достигнува 12.000 €. Оттука, на сиромашниот и оној во потреба им се дава онолку колку што им е доволно за една година, бидејќи зекатот се дава еднаш годишно.

**3 Оние кои го собираат зекатот** – го чуваат и се задолжени за неговата распределба. Нив ги назначува власта. Кај нив не се условува сиромаштија, туку им се дава од зекатот дури и ако се богати.

**4 Оние чии срца се придобиваат** – Тоа се оние од кои се надева нивното прифаќање на исламот, или запирање на нивното зло, или зајакнување на нивниот иман.

**5 За ослободување од робство** – Тоа опфаќа:
а) роб со договор за откуп
б) ослободување на муслимански роб
в) заробен муслиман

**6 Задолжени** – Тоа се: а) оној кој се задолжил за да помири луѓе меѓу себе . б) оној кој се задолжил за сопствени потреби

**7 На Аллаховиот пат** – Тоа ги опфаќа борците и сè што им е потребно од оружје и друго.

**8 Патник** – Тоа е патник кој останал без патни средства и не може да се врати во своето место. Му се дава онолку колку што ќе му биде доволно да се врати во своето место

sarhaan.com
mahadsunnah.com